
e-RIFTER
HV-080-WT




PEUGEOT веќе 210 години ја почитува високо квалитетната и иновативна француска производна традиција. Сега повеќе од кога и да е, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила. Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до поврзаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.

**03** Дизајн
**06** PEUGEOT i-Cockpit®
**09** Модуларност
**11** Поврзување
**13** Безбедност
**15** Мотори
**20** Персонализација

# ПРЕПОЗНАТЛИВИОТ СТИЛ НА PEUGEOT









## ДИЗАЈН БЕЗ КОПРОМИС

PEUGEOT e-RIFTER е олицетворение на елеганција, издржливост, агилност и моќ - сè во еден автомобил. Со краткиот и висок капак на мотор и зголемено растојание од подлогата, новиот e-RIFTER е прилагоден за сите видови патишта. Вертикалната решетка и LED DRL(1) предните светла ја истакнуваат неговите впечатливи, компактни и динамични линии.

(1) LED DRL: Дневни светла со LED диоди. Достапно како стандард или недостапно, во зависност од верзијата.

## МОЌЕН КАРАКТЕР

Со својата впечатлива силуета и елегантни линии, PEUGEOT e-RIFTER нема да помине незабележано. Сивиот алуминиумски заштитник на предниот браник(1), 17-инчни алуминиумски наплатки со дијамантски сјај(2), кровните носачи, сводните екстензии од браниците над тркалата и штитниците на праговите на вратите го истакнуваат уникатниот стил на e-RIFTER.

(1) Достапно како стандард или недостапно во зависност од верзијата.
(2) Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

## УСПЕШНО ЈА НОСИ КАНЏАТА НА ЛАВОТ

Со светлосниот потпис во форма на 3 лавовски канџи, новиот PEUGEOT e-RIFTER се наметнува како нова икона на брендот. Опционалната кука нуди можност за влечење товар до 750 kg. Дополнително затемнетите електрични прозорци(1) го отвораат ентериерот кон надворешноста, а 2-те лизгачки странични врати(2) го олеснуваат пристапот до возилото.

(1) Супер затемнети стакла, достапни во вториот и третиот ред, со опција за отворање на задното стакло, во зависност од верзијата.
(2) Достапно во вториот ред како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

## ВПЕЧАТЛИВИ ЗНАЦИ

Новиот PEUGEOT e-RIFTER може да се препознае по препознатливиот монограм „e-RIFTER" и отворот за полнење кој се наоѓа на задното лево крило.






# ИСТРАЖУВАЊЕТО
# ЗАПОЧНУВА ТУКА






## КОН НОВИ СЕНЗАЦИИ

Седнете зад управувачот на новиот PEUGEOT e-RIFTER и уживајте во прилагодливата положба за возење и висококвалитетните ергономски седишта дизајнирани да одговараат на потребите на секој возач. Ако на ова се додаде извонредна акустична удобност, целата патничка кабина се претвора во вистински рај.

## PEUGEOT I-COCKPIT® ВО ЦЕЛОСНА Е-ВОЛУЦИЈА

Откријте го поагилното и поинтуитивно возење што го нуди PEUGEOT i-COCKPIT® со компактниот управувач, head-up инструмент таблата и 8”[1] или 10-инчен[2] екран на допир. PEUGEOT i-COCKPIT® кај новиот e-RIFTER е технолошки подобрен, бидејќи возачот може да избира помеѓу две нови инструмент табли кои му ги обезбедуваат сите информации што му се потребни за успешно управување со 100% електричното возило.

(1) Достапно како стандард или опција во зависност од верзијата.
(2) Достапно како опција во зависност од верзијата.




## ДИГИТАЛНА ИНСТРУМЕНТ ТАБЛА

За новиот e-RIFTER, можете да изберете и дигитална инструмент табла како опција. Приказот на информации е целосно конфигуриран и приспособлив. Инструмент таблата има неколку различни режими на прикажување, до кои возачот може да пристапи со тркалезното копче до управувачот и му овозможува да го прилагоди PEUGEOT i-COCKPIT® по своја желба. На пример, може да се фокусира на навигацијата, управувањето со протокот на енергија или системите за помош при возење.

## ЕКРАН НА ДОПИР

Преку големиот 10-инчен екран на допир[1] можете да пристапите до менито „Electric“ со притискање на специјално копче :

- „Flux“ (проток) за директно прикажување на протокот на енергија,
- „Statistiques “ (статистика) за прикажување на статистиката за потрошувачка,
- „Charge“ (полнење) што дозволува да го програмирате одложеното полнење

(1) Достапно како опција.





## ПРИЛАГОДЛИВИ СЕДИШТА И БАГАЖЕН ПРОСТОР

PEUGEOT e-RIFTER е достапен со 5 или 7 седишта и во две должини (стандардна и долга) и нуди примерни опции за адаптација. Совозачко седиште и задна клупа делива во сооднос 2 / 3-1 / 3[1] или три индивидуални седишта[2] кои со системот „Magic Flat“ може да се преклопат до под. Третиот ред во верзијата со 7 седишта има 2 индивидуални седишта[3] кои може да ги извадите... изберете го својот распоред. Неговиот багажен простор нуди импресивен капацитет од 775 до 3.500 литри кај стандард верзијата, а кај долгата верзија до 4.000 литри. И последно, но не и најмалку важно, отворањето на задното стакло[2], нискиот праг на багажниот простор и рамниот под[3] го олеснуваат товарењето и истоварот од багажникот.

(1) Достапно како стандард или недостапно во зависност од верзијата.
(2) Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
(3) За долги предмети до 2,70 m во стандардната верзија и до 3,05 m во долгата верзија















## МЕСТА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

Искористете го максимумот од големиот број на опции за складирање. Покрај обезбедувањето светлина, покривот Zénith®[1] со електричен штитник за сонце и LED амбиентално осветлување[2] нуди дополнителен простор за складирање во централниот лак, покривната кутија и преградата за складирање во предниот дел на автомобилот. Панелите на предните и задните врати, централната конзола, просторот кај нозете во вториот ред[1]: PEUGEOT e-RIFTER има рекорден простор за складирање[3] во својата категорија. Имате бројни и ергономски места за складирање дизајнирани да ги сместите секојдневните работи.









(1) Стандардно, опција или недостапно во зависност од верзијата.
(2) LED: 100% осветлување со LED диоди.
(3) До 186 литри, од кои 92 литри во областа на покривот Zénith®

# ЗА УШТЕ ПОДОБРО ИСКУСТВО






# СЕКОГАШ ПОВРЗАНИ

Со поврзаната 3D навигација со препознавање на глас(1), која вклучува информации за сообраќајот и ризичните зони во реално време од TomTom Services(2), како и локацијата и достапноста на јавните станици за полнење, имате целосен преглед на Вашата околина директно на екранот на допир. Функцијата Mirror Screen(3) Ви овозможува да ги користите компатибилните апликации на паметниот телефон на екранот на допир кај PEUGEOT e-RIFTER. Повеќе не Ви се потребни кабли, бидејќи можете лесно да го полните Вашиот паметен телефон на површината за индукциско полнење(4).

(1) Достапно како опција.
(2) TomTom услугите овозможуваат прикажување на сите информации кои се важни при Вашето возење во реално време: сообраќај во реално време, бензински пумпи, паркинг места, временски услови, локални пребарувања и ризични области од страна на услугите на TomTom (во зависност од локалното законодавство). Претплатата на сите овие услуги е вклучена за 3 години, а потоа може да се продолжи или обнови преку Интернет (се наплаќа).
(3) Само специфицираните апликации Android Auto™ и Apple CarPlay™ ќе работат кога се во мирување и кога возите, во зависност од ситуацијата. Кога возите, некои карактеристики ќе бидат оневозможени. За некои видови на содржина кои може да се користат бесплатно на Вашиот паметен телефон, бараат претплата на одобрена апликација Android Auto™ или Apple CarPlay™ . Функцијата Mirror Screen работи преку Android Auto (за паметни телефони со Android), Apple CarPlay™ (за паметни телефони кои користат iOS) под услов да имате мобилен или Интернет Договор. Дознајте повеќе на страната на Peugeot за Вашата земја.
(4) Достапно како опција или недостапно во зависност од верзијата - индукциско полнење за уреди компатибилни со стандардот Qi.









## ПОМОШ ПРИ МАНЕВРИРАЊЕ

Благодарение на различните системи за помош при маневрирање, ќе можете да уживате во уште поголемата слобода и задоволство со PEUGEOT e-RIFTER. Со камерата за возење наназад Visiopark 1[1], Park Assist[2] и системот за следење на слепи точки[3] ќе бидете подготвени за секаква ситуација.

(1) Достапно како стандард или опција во зависност од верзијата.
(2) Активниот систем за помош при паркирање е достапен како опција или недостапен во зависност од верзијата.
(3) Достапно како опција или недостапно во зависност од верзијата.

## ПОМОШ ПРИ ВОЗЕЊЕ

Со системите за помош при возење, PEUGEOT e-RIFTER го поедноставува возењето и Ви овозможува поголемо спокојство и безбедност. Напредниот систем за препознавање сообраќајни знаци и препорака за ограничување на брзината[1], адаптивниот темпомат[1] со функција за Stop[2], активното предупредување за напуштање лента[1], hands-free влегувањето и стартувањето[1], електричната паркирна сопирачка[1] и многу други системи го олеснуваат Вашето патување.

(1) Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
(2) Функцијата Stop како дел од адаптивниот темпомат е достапна само со автоматскиот менувач EAT8.







## ПОДГОТВЕНИ ЗА АВАНТУРА

Со напредниот Grip Control[1], новиот PEUGEOT e-Rifter обезбедува максимално држење на патот во секоја ситуација за слободно движење без никакви пречки. Изберете од 5 режими за држење на патот (стандард, снег, кал, песок, ESP off) со користење на тркалцето на централната конзола. А за оние кои се најпребирливи, изберете ја верзијата со погон на 4 тркала[2].

(1) Достапно како опција или недостапно во зависност од верзијата.
(2) Достапно како опција - верзија со погон на 4 тркала е развиена со нашиот партнер DANGEL.

## ИСТРАЖЕТЕ ГИ СИТЕ ТЕРЕНИ

Одржувајте контрола дури и во најекстремните ситуации. Со функцијата Hill Assist Descent Control на напредниот Grip Control[1], новиот PEUGEOT e-Rifter може да одржува мала брзина на стрмни падини. Тоа значи дека може да останете фокусирани на патот и да уживате во поголемата безбедност, удобност и контрола.

(1) Достапно како опција или недостапно во зависност од верзијата.

# ПОВЕЌЕ СЛОБОДА
# ЗА АКЦИЈА



## 100% ЕЛЕКТРИЧЕН МОТОР

Лесен за управување по градските улици, како и безбеден и моќен надвор од градот, новиот PEUGEOT e-RIFTER е опремен со електричен мотор со моќност од 100 kW (136 КС). Моторот обезбедува моментално забрзување благодарение на 260 Nm вртежен момент. Зад управувачот на новиот PEUGEOT e-RIFTER ќе уживате во флексибилно, динамично и тивко возење[1]. Батеријата на PEUGEOT e-RIFTER Ви овозможува опсег до 280 km според процедурата за тестирање WLTP[2] (глобално усогласена тест процедура за патнички автомобили и лесни комерцијални возила). Батеријата има гаранција од осум години или 160.000 km за 70% од нејзиниот капацитет за полнење.

(1) Сепак, внимавајте да не ја изгубите контролата над возилото и внимавајте на пешаците во непосредна близина кои не се навикнати на целосно нечујни возила.
(2) Прикажаните вредности за опсегот и потрошувачка на електрична енергија се во согласност со постапката за тестирање WLTP, врз основа на која се одобруваат нови возила од 1 септември 2018 година. Тие може да варираат во зависност од реалните услови на употреба и различни фактори како што се: брзина, термичка удобност во возилото, стил на возење и надворешна температура. Времето на полнење особено зависи од моќноста на полначот на возилото, кабелот за полнење, како и видот и моќноста на станицата за полнење што се користи. Не заборавајте да го контактирате Вашиот дилер за повеќе информации.






## ТРИ РЕЖИМИ НА ВОЗЕЊЕ

Новиот e-RIFTER нуди три режими на возење:
- Eco (60 kW, 180 Nm): за подобра автономија и непречено возење,
- Normal (80 kW, 210 Nm): за оптимален комфорт при секојдневна употреба,
- Power (100 kW, 260 Nm): приоритет на перформансите кога превезувате тежок товар

## РЕГЕНЕРАТИВНО КОЧЕЊЕ

Благодарение на регенеративното сопирање, постојат два режима на сопирање на моторот[1] што Ви овозможуваат да ја полните батеријата при забавување:
- Умерен (стандарден): за чувство исто како кај возилата со мотор со внатрешно согорување
- Зголемен (достапен преку копчето „B" за „Brake" на рачката на менувачот): забавување контролирано со педалата за гас

(1) Умерено или зголемено обновување на полнењето на батеријата.



## ПОЛНЕЊЕ ДОМА И НА РАБОТА

Достапни се голем број решенија за полнење за да Ви помогнат да го искористите максималниот опсег до 280 km WLTP кај новиот PEUGEOT e-Rifter:

- Од стандарден полнач (8A), батеријата е целосно наполнета за 31 час,
- Од засилен полнач (16A), батеријата е целосно наполнета за 15 часа,
- Од ѕиден полнач од 7,4 kW, кој Ви овозможува целосно полнење за 7,5 часа со стандарден еднофазен вграден полнач (7,4 kW),
- Од ѕиден полнач од 11 kW, кој Ви овозможува целосно полнење за 5 часа со опционалниот трифазен вграден полнач (11 kW).

PEUGEOT ќе помогне во дијагностика и нудејќи адаптирано решение за полнење на Вашиот автомобил за да одговара на Вашите потреби[1].

## ПОЛНЕЊЕ НА ЈАВНИ СТАНИЦИ

Термичката регулација на батеријата овозможува да се користат полначи од 100 kW и да се достигне полнење до 80% за 30 минути. Широка мрежа од над 220.000 јавни станици[1] е достапна низ цела Европа.

(1) Времето на полнење може да варира во зависност од видот и моќноста на станицата за полнење, надворешната температура на местото на полнење и температурата на батеријата.










## e-КОНТРОЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ОД ДАЛЕЧИНА

Можете да го следите и закажувате полнењето директно на Вашиот паметен телефон. Можете исто така да ја поставите температурата во патничкиот простор пред да влезете во возилото.

## АПЛИКАЦИЈА MYPEUGEOT®

Искористете ги персоналните услуги во реално време, синхронизирани со Вашата корисничка сметка, преку бесплатната апликација MyPeugeot®(1):

- Внимавајте на статусот на Вашето возило (податоци за возење, локација).
- Брз и лесен пристап до делот за упатства и помош при возење.
- Управувајте со барањата за одржување и сервис на Вашето возило.
- Лесно управувајте со полнењето на батеријата и температурата во Вашиот нов PEUGEOT.

(1) Под услов да сте поврзани на мобилна мрежа.

# ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА





1



2



3

## ПОСВЕТЕНО ВНИМАНИЕ НА СЕКОЈ ДЕТАЉ

Откријте го нашиот избор на висококвалитетни тапацири(1) за софистициран и елегантен ентериер на PEUGEOT RIFTER.

(1) Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

1. Текстил CURITIBA
2. Текстил CARACAL
3. Текстил SQUARED



## ВАШ СТИЛ, ВАШИ БОИ...

Изберете една од седумте неверојатни бои за каросеријата.


Бела Banquise


Сива Artense


Сива Platinium


Црна Onyx


Сива Silky


Сина Deep


Кафеава Copper

(1) Мат боја.
(2) Металик боја.
(3) Лак во три слоја.
(4) Бисерна нијанса.

## ... СЕ ДО ПОСЛЕДЕН ДЕТАЉ.

Додадете го на Вашиот PEUGEOT RIFTER Вашиот личен печат. Разгледајте ги сите пет модели на наплатки[1] или раткапни[1] (15- до 17-инчи).


15″ раткапни MILFORD


16″ раткапни RAKIURA


16″ раткапни TONGARIRO


16″ алуминиумски наплатки TARANAKI


17″ алуминиумски наплатки AORAKI со дијамантски сјај

[1] Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.



1



2



3



4



5



6

# ИЗБЕРЕТЕ ГО НАЈДОБРОТО ЗА ВАШИОТ PEUGEOT RIFTER

За спорт, авантури, за Вашата компанија... Без оглед на Вашите потреби, PEUGEOT e-RIFTER се прилагодува на Вашиот животен стил благодарение на широкиот избор на додатоци и опрема.

1. Предни, задни паркинг сензори и аларм.
2. Напречни кровни носачи.
3. Кровна кутија (420 l).
4. Комплет соодветни 3D текстилни патосници.
5. Облога за багажникот изработен од тврд материјал.
6. Преден потпирач за раце.






# МРЕЖА И УСЛУГИ.

Кога ќе се одлучите за Peugeot, на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство.

Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

**ЗА ВАША БЕЗГРИЖНОСТ [1]**

**PEUGEOT ГАРАНЦИЈА**

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предностите во склоп на мрежата, можност за 5 годишна гаранција до изминати 100.000 километри гаранција и 12 години гаранција од корозија.

**PEUGEOT ПАКЕТИ**

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет

**PEUGEOT ОРИГИНАЛНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата на Peugeot во траење од една година.

**ФЛОТНА ПРОДАЖБА**

При флотна набавка на возила за нашите бизнис клиенти нудиме широка палета на комерцијални возила по специјални цени и услови на купување, одржување и сервисирање на возилата. Воедно, нудиме различни опции за преработка или надградба на комерцијални возила согласно Вашите барања (возила за брза помош, амбулантни возила, полициски возила, блиндирани возила итн). Отворени сме за соработка со сите компании кои имаат интерес за набавка на едно или повеќе Peugeot возила, одеднаш или во одреден временски период. Целата комерцијална гама е достапна и во електрична верзија.

**ЗА ВАШЕ ЗАДОВОЛСТВО PEUGEOT НА ИНТЕРНЕТ**

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја официјалната веб страница: http://www.peugeot.com

Македонската интернет страница е:

http://www.peugeot.mk

Следете не и на Facebook и Instagram:

FB/PeugeotMacedonia

IG/Peugeot_Macedonia

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите.

Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ. За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.

Следете не на:
FB / PeugeotMacedonia
Instagram / Peugeot_Macedonia
Linked In / Peugeot-Macedonia

PEUGEOT ВИ ГО ПРЕПОРАЧУВА TOTAL

www.peugeot.mk